**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

Бр. 12-2188/2
Скопје 15.05. 2018г.


Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје
Република Македонија

Тел. + 389 2 3103 400

www.avmu.org.mk
www.avmu.mk
contact@avmu.mk


Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги како имател на информации од јавен карактер, врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 15 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ("Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, бр.13/14, бр.44/2014, бр.101/14, бр.132/14, бр.142/16 и 132/17), член 26 ставови 2 и 3 и член 28 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Македонија" бр.13/06, 86/08, 6/10, 42/14, 148/15, 55/16 и 64/18), постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер бр.03-574/1 од 27.04.2018 година, заведено под наш арх. бр. 12-2188/1 од 30.04.2018 година, од подносителот на барањето Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија – ЛГБТИ Центар за поддршка од Скопје [redacted], донесе:

## З А К Л У Ч О К

**СЕ ПРЕКИНУВА** постапката по Барањето за пристап до информации од јавен карактер бр.03-574/1 од 27.04.2018 година, заведено под наш арх. бр. 12-2188/1 од 30.04.2018 година, кое подносителот на барањето Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија – ЛГБТИ Центар за поддршка од Скопје, [redacted] на ден 30.04.2018 година го поднесе до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, во однос на следните прашања од барањето, и тоа:

Прашање бр.2 од Прашалникот

2. Дали се донесени и се спроведуваат законски мерки со кои се криминализира „говорот на омразата" на интернет и дали тоа ги вклучува:

2.а.) сексуалната ориентација како основ? и

2.б.) родовиот идентитет како основ?

и

Прашање бр.3 од Прашалникот

3. Дали предвидувате активности за поттикнување на интернет провајдерите да преземат мерки против ширење на хомофобични и трансфобични материјали, закани навреди?.

## О б р а з л о ж е н и е

До Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги како имател на информации од јавен карактер, од подносителот на барањето Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија – ЛГБТИ Центар за поддршка од Скопје, доставено е Барање за пристап до информации од јавен карактер, бр.03-574/1 од 27.04.2018 година, заведено под наш бр. 12-2188/1 од 30.04.2018 година, со кое се бара информацијата од јавен карактер – одговори на прашања содржани во Прашалник доставен во рамките на предметното барање за пристап до информации од јавен карактер, прашања под број 2 и 3, кои се таксативно наведено во овој Заклучок.

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

Агенцијата постапувајќи по напред наведеното барање за пристап до информации од јавен карактер, утврди дека не располага со бараната информација од јавен карактер - одговори на прашања содржани во Прашални доставен во рамките на предметното барање за пристап до информации од јавен карактер, прашања под број 2 и 3, кои се таксативно наведено во овој Заклучок.

Во врска со напред наведеното, врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 15 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ("Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, бр.13/14, бр.44/2014, бр.101/14, бр.132/14, бр.142/16 и 132/17), член 26 ставови 2 и 3 и член 28 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Македонија" бр.13/06, 86/08, 6/10, 42/14 и 148/15), се донесе заклучок како во диспозитивот.

Службено лице при остварување на правото
на слободен пристап до информации,

________________________
Цветанка Митревска

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Директор,**

________________________
**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Упатство за правно средство:** Против овој заклучок барателот на информација може да поднесе жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на заклучокот до Комисијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер.

**Доставено до:**
- подносителот на барањето за пристап до информации од јавен карактер
- Службено лице при остварување на правото на слободен пристап до информации на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.